| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Животните наши пријатели |
| **Содржина на денот** | Волк и јагне |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Дајана М. Костова |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор за одржување на растојание при игра. |
| **Активности** | Подвижната игра „Волк и јагне” се игра со повеќе членови од семејството. Може некое дете да биде јагне, а некој друг член од семејството, волк. Останатите прават круг. Јагнето е поблиску до кругот, а волкот подалеку. Децата или возрасните, движејќи се во круг, пеат или зборуваат:<br>Јагненце бело малечко,<br>дојди во стадото твое,<br>волкот страшен се шета<br>низ ширното зелено поле. (2 пати)<br>Штом заврши пеењето, водителот на групата извикува „волк”, детето „јагне’’ со трчање се приближува кон кругот и влегува внатре, а другиот член од семејството „волк” трча по него да го фати. Тие што се во кругот го оневозможуваат волкот да влезе во кругот („трлото”). (слика 1). Ако успее да влезе, тогаш му се овозможува на „јагнето” да избега надвор.Доколку пак волкот го фати јагнето се избираат други членови од семејството и играта се повторува. (слика 2). Играта трае додека трае интересот кај детето/децата. |